Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-246/8
12-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-246/1 од 22.3.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, против директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ, [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.5.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторена од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ, [redacted], врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-246/1 од 22.3.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ („**СОЗР**“), [redacted]

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во Службата како државен службеник. Наведува дека вработените во СОЗР се дискриминирани од страна на директорот и дека нивните човекови права се нарушени. Кон тоа додава тврдења дека директорот ги менува вработените од нивните работни места без образложенија, ги отпушта од работа, не им потпишува потврди за личен доход со цел земање на кредит, ниту пак потпишува потврди за редовен работен однос, не им дава да го користат минатогодишниот одмор и така натаму.

Подносителот понатаму истакнува дека е со нарушена здравствена состојба и има уште неполни две години до пензија. Наведува дека при ваква состојба, бил преместен од работното место, односно распореден на други работни задачи кои вклучуваат натоварување и истовар во магацин. Со ова, смета дека не е почитувана никаква лекарска документација која му е приложена на директорот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.3.2023 година испрати Известување бр. 08-246/2 за произнесување по наводите од претставката до Службата за општи и заеднички работи.

На ден 20.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Службата за општи и заеднички работи како одговор на претставката. Од службата најпрво наведуваат дека нема да навлегуваат во контрааргументирање на паушални субјективни шпекулации. По однос, пак, на наводите кои се однесуваат на работниот однос на подносителот на претставката, известуваат дека тој од работно место Доставувач (со звање Референт) бил прераспределен на работното место Референт за набавка на автоделови и техничка стока сметано од 10.12.2018 година. Истото прераспределување било врз основа на Решение ОУ бр. 09/4-1474/2 од 26.10.2018 година на Дирекцијата за безбедност на класифицирани

информации, со кое барањето на Службата за издавање на безбедносен сертификат за Ванчо Миленковски било одбиено, бидејќи истиот не исполнувал услови утврдени со член 38 и член 47 од тогашниот Закон за класифицирани информации.

Понатаму, со Писмено задолжение за вршење на работи и задачи бр. 04-854/1 од 15.2.2023 година, донесено согласно одредбите од член 34 став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор, подносителот бил задолжен да врши работни задачи кои произлегуваат од работното место Референт за магацинско работење во главниот магацин за времетраење од два месеци, односно во периодот од 16.2.2023 година до 15.4.2023 година. Истото Писмено задолжение било потврдено со Одлука бр. 09-120/6 од 13.4.2023 година на Агенцијата за администрација, додека жалбата на подносителот била одбиена како неоснована.

Дополнително, во одговорот се вели дека наводите на подносителот дека врши натоварување и истовар се крајно неосновани од причина што тој за целото време од донесување на Писменото задолжение, па и во моментот на испраќање на одговорот, користи боледување.

По однос на наводите дека не била почитувана лекарската документација, истакнуваат дека станува збор за упати, медицински белешки и извештаи од пред повеќе од една година, по различни здравствени состојби. Во врска со тоа, наведуваат дека подносителот бил известен дека доколку неговата здравствена состојба е влошена и не му дозволува да извршува работни задачи, потребно е да достави соодветен акт, односно решение од надлежен орган кој врши преиспитување на работната способност, по што Службата би постапила. Во спротивно, истиот би бил третиран како способен за работа согласно Мислење – Извештај за извршен периодичен систематски здравствен преглед од [redacted] заверен во Службата со број 04-4945/314 од 10.10.2022 година.

На ден 8.5.2023 година, врз основа на член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членот на Комисијата Лимко Бејзароски изврши непосреден увид во просториите на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ.

На почеток беше извршен разговор со [redacted] во Службата, која беше запознаена со предметот кој се води. Таа истакна дека во конкретниот случај воопшто не станува збор за нееднакво постапување кон подносителот на претставката, туку дека постоела легитимна причина поради која тој, со писмено задолжение, бил испратен да работи два месеци во главниот магацин на службата. Имено, во просториите на СОЗР каде подносителот работел, се вршеле градежни работи и поради тоа времено бил преместен во главниот магацин.

Навраќајќи се на распоредувањето на подносителот од 2018 година, напомена дека тоа било поради тоа што од Дирекција за безбедност на класифицирани информации му било одбиено доделување на безбедносен сертификат, кој пак бил потребен за неговото работно место. Моментално, вели дека е соодветно распореден согласно неговите компетенции и дека писменото задолжение било согласно закон, за исто ниво како неговото постојано работно место.

Исто така, наговести дека планираат да поднесат барање до Фондот за здравствено осигурување со цел преиспитување на боледувањето кое го земал за времетраење на тие два месеци. Напомена дека тоа нема да е прво такво барање кое тие како служба го испраќаат и дека претходно имало случај на отказ поради злоупотреба на боледување.

Оттаму, членот на Комисијата се упати во просториите на СОЗР во рамки на зградата на МТВ, каде работи подносителот на претставката. Првично се водеше разговор со раководителката на секторот, која изјави дека станува збор за специфичен случај и дека е запознаена со истиот. Истакна

дека таа работното место раководител го извршува од 1.2.2023 година со овластување, односно некое време пред подносителот да замине на боледување. Сепак, кога станува збор за писменото задолжение, напомена дека истото не било донесено по нејзино барање, односно дека никогаш не побарала подносителот да биде преместен на друго место.

Во поглед на неговата работа, пак, изјави дека со оглед на тоа што тој нема познавања од работа на компјутер, доделено му е писмено заведување на дојдовни фактури во тетратка и нивно проследување до вработените. Исто така истакна дека му било излегувано во пресрет и за други барања, како што е работа во втора смена и преместување на работното биро.

На крајот беше извршен разговор и со подносителот на претставката, кој истакна целокупно незадоволство од условите за работа. Имено, подносителот тврди дека врз него се врши мобинг од 2018 година кога бил распореден, па сè до денес и дека истото има здравствени импликации врз него.

Исто така наведе дека единствено кон него постои строг однос од страна на раководителката и смета дека, додека сите останати доаѓаат и си одат кога сакаат, на него не му се дозволуваат ниту паузи. Дополнително, вели дека неколку пати бил преместуван низ просториите, за на крај да биде сместен во импровизирана канцеларија која не е ниту оградена.

Последно, напомена дека неколку години наназад барал прием кај директорот на Службата, меѓутоа или немал никаков одговор или му велат дека директорот не можел да го прими.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дека била сторена дискриминација од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ, [redacted] врз [redacted]

Имено, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде доволно факти и околности кои упатуваат на сторена дискриминација врз некоја дискриминаторска основа, врз која било повредено право на подносителот на претставката. Во однос на распоредувањето на подносителот на претставката во 2018 година, истото имало оправдана причина, односно било донесено врз основа на фактот што на подносителот не му бил одобрен безбедносен сертификат од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Новото работно место било на исто ниво како и дотогашното работно место на подносителот, што упатува на тоа дека тој не трпел штетни последици од распоредувањето.

Во однос, пак, на наводите за вознемирување на сегашното работно место, Комисијата не пронајде индиции кои упатуваат на тоа дека е сторено вознемирување во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Имено, подносителот наведува општи и генерални тврдења во врска со односот на неговата раководителка и директорот, но во текот на постапката не беа потврдени никакви конкретни дејствија преку кои би можело да се изведе заклучок за сторено вознемирување врз некоја дискриминаторска основа, во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Доколку подносителот сепак смета дека му се врши вознемирување на работното место во смисла на Законот за заштита од вознемирување на работно место, Комисијата го упатува својата заштита да ја побара во постапката предвидена со тој закон.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ врз [redacted]

Скопје
11.5.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Служба за општи и заеднички работи, Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, 1000 Скопје
- [redacted]